# ЗАПИСНИК ОД ОДРЖАНАТА ЈАВНА (online) КОНСУЛТАЦИЈА ПО НАЦРТ ДОКУМЕНТИТЕ „ПЛАН ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ“, „ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОБВРСКИТЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И СОЦИЈАЛНИТЕ АСПЕКТИ “ И „ПРАШАЛНИК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОБВРСКИТЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И СОЦИЈАЛНИТЕ АСПЕКТИ “ ЗА ПРОЕКТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 27.10.2020

На 26.10.2020 година во 11:00 часот беше одржана јавна (online) консултација за нацрт документите „План за вклучување на засегнатите страни“, „План за управување со обврските за животната средина и социјалните аспекти“ и „Прашалник за управување со обврските за животната средина и социјалните аспекти“ во рамките на Проектот за унапредување на основното образование.

Во Прилог 1 е даден Јавниот повик за достапност на нацрт документите и одржувањето на јавната (online) консултација за нацрт документите „План за вклучување на засегнатите страни“, „План за управување со обврските за животната средина и социјалните аспекти“ и „Прашалник за управување со обврските за животната средина и социјалните аспекти“ во рамките на Проектот за унапредување на основното образование. Повикот беше објавен во два печатени медиуми на македонски и албански јазик, а дополнително беше испратен и до општините во Република Северна Македонија со препорака да го препратат до сите основни училишта во рамки на нивната општина, до најразлични невладини организции од областа на образованието, екологијата и работа со ранливи категории на лица и групи, како и до засегнатите релевантни институции.

На јавната расправа присуствуваа 27 учесници од различни групи на засегнати страни (Министерство за образование и наука, Државен испитен центар, претставници од неколку општини во Република Северна Македонија, претставници од неколку основни училишта во Република Северна Македонија, претставници од Ресурсен центар на родители со деца со посебни потреби). Листата на институции/организации чии претставници учествуваа на јавната (online) консултација е дадена во Прилог 2.

Претставник од проектната единица при Министерството за образование и наука ја отвори јавната (online) консултација за нацрт документите и со power point презентација го претстави накратко Проектот за унапредување на основното образование како и нацрт документите поврзани со истиот, кои се објавени на веб-страницата на Министерството за образование и наука.

Проектот за унапредување на основното образование е во фаза на подготовка, а сите проектни активности ќе бидат финансирани од Светска банка со добивање на заем преку Владата на Република Северна Македонија. Проектот ќе го имплементира Министерството за образование и наука како главна одговорна институција, со поддршка од Бирото за развој на

образованието, Државниот испитен центар, Државниот просветен инспекторат и Министерството за финансии.

Проектот се состои од четири компоненти:

Компонента 1: Подобрување на учењето на ниво на училиште; Под-компонента 1.1: Развојни програми на училиштата и грантови; Под-компонента 1.2: Подобрување на средината за учење; Под-компонента 1.3: Промовирање на отчетност преку споделување информации;

Компонента 2: Реформа на следењето и оценувањето на националниот прогрес во учењето; Под-компонента 2.1: Развој на Државното тестирање (ДТ); Под-компонента 2.2: Максимално користење на резултатите од ДТ на ниво на министерство и на ниво на училиште;

Компонента 3: Зајакнување на компетенциите на наставниот кадар, стручните соработници и директорите на училиштата; Под-компонента 3.1: Спроведување на стандардите за наставници, стручни соработници и директори на училиштата; Под-компонента 3.2: Модернизирање на професионалниот развој на наставниците; Под-компонента 3.3: Воведување измени во обуката на кандидатите за наставници и изборот на нови наставници;

Компонента 4: Раководење со проектот и мониторинг и евалуација; Под-компонента 4.1: Подобрување на ефикасноста на секторот засновано на докази; Под-компонента 4.2: Управување, мониторинг и евалуација на проектот.

Во оваа фаза, подготвени се нацрт верзии на три документи кои се достапни на увид на веб-страницата на Министерството за образование и наука: „План за вклучување на засегнатите страни", „План за управување со обврските за животната средина и социјалните аспекти" и „Прашалник за управување со обврските за животната средина и социјалните аспекти", кои се предмет на јавната (online) консултација. Тие ќе бидат објавени на веб-страницата на Министерството за образование и наука и во текот на целиот проект, а Планот за вклучување на засеганите страни повремено ќе биде ажуриран.

По краткиот вовед за проектот, како и целите и значењето на подготвените нацрт документи, беше отворена дискусија.

Претставник од Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби, наведе дека нивната организација ги опфаќа трите категории на засегнати страни препознаени во Планот за вклучување на засегнатите страни во проектот и постави неколку прашања во врска со проектот, во однос на процентот на буџетот за првата компонента, тестовите од Државното тестирање за учениците со попреченост и ситуацијата со случаевите "во сенка" во насока на изнајдување на механизам за нивно детектирање, и како во 2023 ќе се распуштат посебните училишта, како ќе оди распределбата на кадарот и дали ќе оди по принцип на кластери или сл. Дополнително, претставникот од Ресурсен центар се осврна на португалскиот модел на апсолутна инклузија на децата со попреченост во образовниот процес, како еден од позитивните примери во светот.

Прашањата беа одговорени од претставниците од проектната единица при Министерството за образование и наука во насока дека проектот е во фаза на подготовка и штом се официјализира целата постапка за негово имплементирање, документите во кои ќе биде

наведен буџетот за секоја од компонентите ќе бидат јавно објавени. Воедно, документите поврзани со ПУОО се во нацрт верзија и во зависност од забелешките и коментарите на засегнатите страни, истите ќе се ажурираат. Одговорите на конкретни прашања ќе следуваат по официјализирање на проектот. Сите забелешки во однос на државното тестирање за деца со попреченост може да се достават по е-маил за да може понатаму да се земат предвид за разгледување при имплементација на проектните компоненти односно активности, веднаш по самото отпочнување на проектот.

На одговорот на прашањата се надоврза претставник од Државниот испитен центар кој посочи дека Државното тестирање се планира да се спроведува согласно Концепцијата за државно тестирање која е јавно достапна на веб-страниците на МОН и ДИЦ. Напомена и дека целта на државното тестирање не е тестирање на поединечните ученици и се спроведува согласно стандардите за тестирања од големи размери врз основа на примерок. Дополнително, оставен е простор врз основа на мислењата на стручната јавност и креаторите на образовните политики да се изведуваат дополнителни оценувања за овие групи на ученици кои нема да бидат опфатени во првичниот примерок. Исто така, потенцираше дека мислењето и податоците што ги изнесе претставникот од Ресурсниот центар на родители на деца со посебни потреби се апсолутно важни и ќе бидат земени предвид не само во рамки на овој проект туку и понатаму.

Понатака, неколку наставници од основните училишта имаа прашња во врска со дизајнот на Грант програмата, во однос на критериумите, начинот на аплицирање и тоа дали ќе бидат опфатени сите училишта уште на самиот почеток или ќе се одвива во циклуси и слично, на кои прашања од страна на претставниците од проектната единица при Министерството за образование и наука беше одговорено во насока на тоа дека по одобрување на проектот, ќе биде развиен прирачник за имплементација на Грант програмата каде ќе биде објаснет процесот на аплицирање а така ќе биде и за другите компоненти и дека ќе има одреден праг, услов и критериуми согласно предвидениот буџет. Сите документи ќе бидат јавно објавени на веб-страницата на МОН.

Се покрена и прашање од претставник од основно училиште во однос на самоевалуацијата и интегралната евалуацијата од каде произлегува развојната програма и кои треба да се направат пред почетокот на проектот согласно предвидените законски норми во смисол дали ќе може истите подоцна да се изменат, на што беше потврдно одговорено, односно дека веројатно ќе може да се направи ревизија на развојните програми за што ќе треба да има и обука во рамки на предвидените проектни активности, но подетално за ова ќе се знае по отпочнување со проектот.

Советниците од општина Виница во порака прашаа колкав ќе треба да биде процентот на сопствено учество во реновирање на училиштата и каков ќе биде начинот на оценување и одобрување на апликациите за грантови на што претставниците од проектната единица при Министерството за образование и наука одговорија дека нема да биде потребно сопствено учество а буџетот ќе биде предвиден во рамки на компонентите и повторија дека штом се одобри проектот, ќе се развие оперативен прирачник кој детално ќе ги содржи процедурите и начинот на аплицирање и евалуирање и истиот ќе биде јавно објавен.

Заклучокот на крајот од состанокот беше во насока на тоа дека е за поздрав тоа што засегнатите страни ќе имаат можност да бидат вклучени уште од самиот почеток на дизајнирање и имплементирање на Проектот за унапредување на основното образование и некои од нив најавија дека ќе испратат забелешки, коментари и сугестии во однос на проектот и неговите компоненти.

Учесниците на крајот од консултацијата побараа да им биде испратена презентацијата со која беше даден краток осврт на проектот и документите, за што претставниците од проектната единица презедоа обврска да ја испратат во текот на денот.

Учесниците на јавната (online) консултација немаа забелешки во однос на нацрт документите.

По исцрпување на сите прашања и коментари, претставниците на проектната единица при Министерството за образование и наука им се заблагодарија на учесниците за нивниот придонес и ја затворија јавната расправа.

Прилог 1:

**Јавен повик**
**за учество во процесот на јавна (online) консултација за документи поврзани со заштита на животната средина и социјалните аспекти од спроведување на**
**"Проект за унапредување на основното образование"**

Скопје, 15.10.2020

Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија ја известува заинтересираната јавност дека планира да реализира "Проект за унапредување на основното образование". Финансирањето на овој проект се планира да се обезбеди преку заем од Светска банка и согласно соодветните процедури на Банката во делот на заштита на животната средина и социјалните аспекти, уште во раната фаза на подготовка на проектниот документ и процесот на одобрување ќе се одржи јавна консултација со засегнатите страни, во врска со следните документи:

- План за вклучување на засегнатите страни;
- План за управување со обврските за животната средина и социјалните аспекти;
- Прашалник за управување со обврските за животната средина и социјалните аспекти.

Наведените документи на македонски и на англиски јазик се достапни на следниов линк: http://www.mon.gov.mk/peip

**Јавната (online) консултација за горенаведените документи за наведениот проект, во делот на заштита на животната средина и социјалните аспекти, ќе се одржи на 26.10.2020 година**

**(понеделник) со почеток во 11:00 часот. Ве молиме да го најавите Вашето учество на долунаведената е-маил адреса, за да може да Ви испратиме линк за консултацијата.**

Забелешки и/или коментари по однос на документите може да се доставaт на самата online консултација и/или на следната е-маил адреса: milica.mojsoska@mon.gov.mk, најдоцна до 25.10.2020 година. Лице за контакт: Милица Мојсоска; Тел: 02/ 311 2705.

**THIRRJE PUBLIKE**

**për pjesëmarrje në procesin e konsultimit publik (online) për dokumentet në lidhje me mbrojtjen e mjedisit jetësor dhe aspekteve sociale nga realizimi i "Projektit për avancimin e arsimit fillor"**

Shkup, 15.10.2020

Ministria e arsimit dhe shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut e njofton opinionin e interesuar që planifikon të realizojë "Projekt për avancimin e arsimit fillor". Financimi i këtij projekti planifikohet të sigurohet përmes huas nga Banka botërore dhe sipas procedurave përkatëse të Bankës në pjesën e mbrojtjes së mjedisit jetësor dhe aspekteve sociale, që në fazën e hershme të përgatitjes së dokumentit projektues dhe procesit të miratimit do të mbahet konsultim publik me palët e interesuar, në lidhje me dokumentet në vijim:

- Plani për përfshirje të palëve të interesuara;
- Plani për menaxhim me obligimet për mjedisin jetësor dhe aspektet sociale;
- Pyetësor për menaxhim me obligimet për mjedisin jetësor dhe aspektet sociale.

Dokumentet e cekura në gjuhën maqedonase dhe në gjuhën angleze janë në dispozicion në linkun në vijim: http://www.mon.gov.mk/peip

**Konsultimi publik (online) për dokumentet e lartpërmendura për projektin e theksuar, në pjesën për mbrojtjen e mjedisit jetësor dhe aspekteve sociale, do të mbahet më 26.10.2020 (e hëne) me fillim prej orës 11:00. Ju lutemi që ta paraqitni pjesëmarrjen e juaj në e-mail adresën e cekur më poshtë, që të mund të ju dërgojmë link për konsultim.**

Vërejtje dhe/ose komente në lidhje me dokumentet mund të parashtrohen në vetë online konsultimin dhe/ose në e-mail adresën milica.mojsoska@mon.gov.mk, më së voni deri më 25.10.2020.
Personi për kontakt: Milica Mojsoska; Tel: 02/ 311 2705.

Прилог 2:

Листа на институции/организации чии претставници учествуваа на јавната (online) консултација одржана на 26.10.2020 година:

| **Бр.** | **Институција/организација:** |
|---|---|
| 1. | Претставник од Министерство за образование и наука |
| 2. | Претставник од Државен испитен центар |
| 3. | Претставник од ООУ "Даме Груев" – с.Куклиш, Струмица |
| 4. | Двајца претставници од ООУ "Стив Наумов" – Битола |
| 5. | Двајца претставници од ООУ "Мирче Ацев" – Скопје |
| 6. | Тројца претставници од ООУ "Браќа Миладиновци" – Скопје |
| 7. | Двајца претставници од ОУ "Св. Климент Охридски" – Битола |
| 8. | Претставник од ОУ "Славејко Арсов" – с.Подмочани, Ресен |
| 9. | Претставник од ООУ "Јонче Смугрески" – с.Обришани, Кривогаштани |
| 10. | Претставник од ОУ „Св. Кирил и Методиј"– Кочани |
| 11. | Претставник од ОУ "Мустафа Кемал Ататурк" – Пласница |
| 12. | Претставник од ОУ "Манчу Матак" – Кривогаштани |
| 13. | Претставник од ООУ "Славко Лумбарковски" – Новаци |
| 14. | Претставник од Општина Берово |
| 15. | Пет претставници од Општина Виница |
| 16. | Претставник од Општина Кривогаштани |
| 17. | Двајца претставници од Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби |